Врз основа на член 37 став (5) од Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09), министерот за правда донесе

# ТАРИФА
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

Член 1

Со оваа тарифа се определува надоместок на трошоците за работа на здруженијата за вршење на работи на претходна правна помош.

Член 2

Надоместокот на трошоците за работа на здруженијата за вршење на работи на претходна правна помош се определува со бодови и тоа:

-за општа правна информација – 10 бода;

-за иницијален правен совет за правото за користење на правна помош– 15 бода; и

-за правна помош во комплетирање на барањето за бесплатна правна помош – 30 бода.

Вредноста на еден бод изнесува 20 денари.

Пресметувањето на надоместокот се врши во денари, а плаќањето е на жиро-сметката на здружението.

Член 3

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 01-1929/1
07.05. 2010 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Михајло Маневски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ТАРИФА
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

Скопје, мај 2010 година